Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 02.11.2023

На 01.11.2023 во 21.20 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода К.К.(23) и Н.П.(20), двајцата од Струмица. При преглед на К.К. бил пронајден и одземен кокаин, додека при претрес во домот на Н.П., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кокаин, марихуана, дигитална вага и пари во различни валути и апени. Лицата биле задржани во Полициската станица Струмица, за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и со соодветна пријава во текот на денот ќе бидат изведени пред Судија на претходна постапка од Основен суд Струмица.

Полициската станица Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.Б.(45) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво" и против Д.Ц.(36) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „соизвршителство" во врска со кривично дело „разбојништво". Д.Б. се сомничи дека на 31.10.2023 околу 20.30 часот во Гевгелија со помош на Д.Ц. и со употреба на сила одзела накит од жителка на Гевгелија. По преземени мерки и активности, на 01.11.2023 двајцата биле лишени од слобода и во службен разговор во полициска станица го признале делото. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственичката.

На 01.11.2023 во 06.00 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Е.И.(19) од Струмица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.11.2023 во 02.55 часот во Кратово, полициски службеници од ОВР Кратово го лишиле од слобода М.Ј.(39) од Кратово. Тој се сомничи дека на улица „Јосиф Даскалов" во Кратово влегол во продавници и угостителски објект и одзел пари и други предмети. М.Ј. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 02.11.2023 околу 01.30 часот на влез во с.Прдејци, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица ги лишиле од слобода Г.З.(20) и Д.М.(19), двајцата од Косово. При контрола во возилото „фолксваген туран" со косовска национална ознака, кое го управувал З.Г., а сопатник бил М.Д., биле пронајдени седум лица мигранти од Сирија. Тие биле задржани во Полициската станица Гевгелија и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.11.2023 околу 15.00 часот во атар на с.Бузалково, велешко, полициски службеници од СВР Велес и Полициското одделение Чашка го приведе А.А.(67) од с.Бузалково. Тој бил затекнат како во корпа прикачена на трактор „ИМТ" без регистарски ознаки товара исечени огревни дрва без документација. Дрвата, тракторот, корпата и една моторна пила биле одземени и предадени на Шумска полиција Велес за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.11.2023 околу 13.00 часот на улица „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 61-годишниот гостиварец Е.Б.. Тој се сомничи дека реемитувал телевизиски канали без потребната лиценца и дека неговите услуги, според досега утврденото, ги користеле 2800 клиенти кои плаќале по 100 евра годишно. Во деловниот објект во кој работел и на други места биле пронајдени и одземени два компјутери, два висиври и три мобилни телефони. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе му бидат изготвени соодветни пријави.

На 31.10.2023 во 22.00 часот на автопатот А1, кај место викано „Остово", велешко, полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода Х.Ѓ.(21) од Гевгелија. Тој бил баран со две централни потерници врз основа на наредби од Воспитно - поправен дом од Тетово поради бегство и на ОЈО ГОЖ Скопје за издржување на мерка притвор поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Скопје.

На 01.11.2023 околу 23.30 часот на локален пат Пирок - Раковец, тетовско, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 28-годишниот Б.Р. од Пирок. При негов и преглед на патничко моторно возило „мицубиши" со хрватски национални ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 01.11.2023 околу 10.00 часот во ОВР Прилеп, Б.Н.(73) од Прилеп пријавил дека во неговата нива на место викано Долно Садово, претходно, пронашол артилериска граната калибар 75 мм и едно панцирно зрно од Првата светска војна. Од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување експлозивна направа била подигната за понатамошна постапка. Увид бил извршен.

На 01.11.2023 во 10.04 часот во СВР Битола било пријавено дека при изведување градежни работи на ул.„Димитар Илиевски Мурато" во Битола биле пронајдени две рачни гранати калибар 60 мм од Првата светска војна. Од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување експлозивните направи биле подигнати за понатамошна постапка. Увид бил извршен.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 327 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 79 санкции, 35 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло. Изречени се 14 мерки за користење мобилен телефон при возење, 25 санкции за некористење сигурносен појас, 13 мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

На 01.11.2023 во 06.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на магистралниот пат Македонска Каменица – Делчево, кај место викано Баткова чешма, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со регистрација на Македонска Каменица, управувано од Љ.В.(55) од с.Габрово и патничко моторно возило „фолксваген поло" со делчевски регистрски ознаки, управувано од Р.А.(57) од Делчево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Д.Ѓ.(42) од Делчево, сопатник во возилото „мерцедес", додека со телесни повреди се здобил уште еден сопатник во истото возило и возачот на возилото „поло", констатирани во Медицинскиот центар Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 01.11.2023 околу 09.00 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Неготино, Д.Г.(52) од Неготино, управувајќи мопед „кимко" без регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата Д.Г. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во болницата во Неготино. Увид на местото извршила екипа од ОВР Неготино.

На 01.11.2023 во ОВР Прилеп, С.В.(24) од с. Боѓани, прилепско, пријавила дека во Стара чаршија во Прилеп нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 01.11.2023 во Полициската станица Штип, Ј.Ј.(52) од Штип пријавила дека на ул. „Џемал Бајдик" во Штип бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Г.А.(35) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес, извршен по судска наредба во куќа во село Лабуништа, каде што повремено престојувал, полициските службеници пронашле и одзеле ловечка пушка „Црвена застава" калибар 12 милиметри, која нелегално ја поседувал.

Денеска (02.11.2023) од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола во која биле откриени, санкционирани и исклучени од сообраќај вкупно 12 технички неисправни возила, од кои 11 имале неисправни сопирачки (ТЕ-7 и ГВ-4) и 1(ГВ) неисправни пневматици, додека 1 возило(ТЕ) било со неатестирани фолии на стаклата. Покрај ова, санкционирани се и 1(ТЕ) лице кое го управувало возилото без положен возачки испит, 1(ТЕ) возач со важечка забрана за управување и 2(ТЕ) возачи кои со себе не носеле возачки дозволи. При контролата, исто така, санкционирани се и 7 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-1).

На 01.11.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 11 прекршоци од кои 10 во населено место и 1 надвор од населено место. Санкционирани биле и 10 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас и 4 за непропишано паркирање.

На 01.11.2023 во 15.10 во близина на ТЦ Мавровка во Скопје пријавено е нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Б.(51) и Д.И.(49), двајцата од Скопје. По документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.11.2023 во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен З.Љ.(19). Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување градежни работи на објект во изградба на подрачје на Центар. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и за настанот бил известен инспектор од Државен инспекторат на труд.

На 01.11.2023 во 08.00 часот во СВР Скопје, Д.С.(50) од Скопје пријавил дека во с.Миладиновци, тој и М.И., додека извршувале работни задачи како вработени во ЈКП Илинден, биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 10.15 часот на ул.„Кеј Димитар Влахов" во Скопје, едно лице со употреба на физичка сила од Р.А.(76) од Скопје одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.М.(41) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 26.09.2023 на бензинска пумпа во Струга, пријавениот со закана со нож од вработениот одзел чанта со пари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против А.М.(43) од Битола и Ј.Р.(31) од Република Србија, со живеалиште во Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,насилство". На 20.10.2023, пријавените со патничко возило „опел омега", управувано од правопријавениот, се обиделе да го удрат Т.З., по што излегле од возилото, физички го нападнале, при што употребиле и метален предмет.

Денеска (02.11.2023) во 01.45 часот во СВР Скопје, М.А.(21) од Скопје пријавил дека на 01.11.2023 околу 23.30 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од А.Ч.(20) и В.Ј.(19), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2023 во 15.50 часот во СВР Скопје, И.И.(30) од Скопје пријавила дека околу 15.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, била физички нападната од Ф.Д.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
На 01.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 10.00 часот во спортска обложувалница во Скопје едно лице со закана кон вработениот одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје, А.М.(38) од Скопје пријавила дека околу 12.25 часот на подрачјето на Гази Баба нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.11.2023 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населбата Керамидница, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ј.(44) и Џ.Х.(64), од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
Денеска (02.11.2023) во 03.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека била извршена тешка кражба во две спортски обложувалници во Скопје и биле одземени два сефа со пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Диме Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет